РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 08. 05. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 89 | | |

2255

( Образец ПП……)

До: Лица задолжени за информации од јавен карактер
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Продолжение на страна 2 →

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Бла, 08.05 2025 година .**

[redacted]

(доколку барањето [redacted] сува во хартиена форма)

1. Колку Б интегрирани дозволи има на територија на Општина Битола?

2. Согласно закон истите имаат важност (трајност), дали сте задолжиле да се изврши измена на некоја дозвола, доколку операторот сменал нешто во технологијата, или пак сте обновиле Б интегрирани дозволи во периодот од 2021 - 2025 година? (Б интегрирани)

3. Колку изменети такви дозволи има во периодот 2021 - 2025 г.? (Б интегрирани)

4. Колку наплата во последните 10 години имате од Б дозволите за поседување на дозвола, и за што сте ги искористиле тие средства?

5. Какви акти излегуваат со самата дозвола? (дозвола, и решение?) (кое одделение?)

6. Еден човек е задолжен или цело одделение плус градоначалник? (Б интегрирани)

7. Од извештајот испратен до МЖСПП пред неколку дена Општина Битола има доставено за согласност Краткорочен акциски план, дали Општина Битола има координативно тело за изработка и спроведување на истиот и доколку има кои се членовите?

# 8. Дали ЛЕАП-от е ставен како точка на дневен ред?

# 9. Колку пати е одржан состанок на Локалниот комитет и работната група?

# 10. Дали спроведувате мерки од самиот ЛЕАП?

У 11. Цевководот кој Горно Оризари ~~кој~~ е веќе поставен. Дали за истиот има градежна дозвола?

У 12. Ако има, дали истата е на Општина Битола или на Стрежево?

У 13. Дали во основниот проект кога се добивала градежната дозвола вцртан бил и цевоводот за технолошка вода?

ком 14. Дали е прописно поставен во ровот со другата инфраструктура?

ЕР 15. Дали проектот е ревидиран?

ком 16. Дали изведувачот има соодветна лиценца?

ком 17. Кој е надзор?

р и ком 18. Дали надзорот е избран на тендер и дали надзорот има направено завршен извештај за поставување на цевките?

ком 19. Дали согласно изработениот елаборат за пресметки на штетите од земјотресот во Битола во 2022г. од страна на Владата се потрошени средства на Општина Битола и доколку се

која и колкав процент ќе отплаќа на општините?

20. Ве молам и датум на трансферирање на средствата од Влада до општината дотациите се на сметка на општината.

21. Да ни доставите таксативно за периодот од 2020-2025 година кои субјекти уплатиле такса за угостителска дејност..

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Градоначалник на Општина Битола

Бр.11-89/2
13.05.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-89/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

____________________

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
Градоначалник

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 28. 05. 2025

| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 11 | 89/3 | | |

До
Одделение за административни и општи работи
Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Предмет: Барање на пристап до информации од јавен карактер
Врска: 11-89/2 од 08.05.2025 година

Почитувани,

Врз основа Барањето за пристап до информации од јавен карактер со бр. 11-89/2 од 13.05.2025, а во однос на прашањата, Ве информираме за следното:

На територијата на Општина Битола се издадени и моментално се активни 10 (десет) Б интегрирани еколошки дозволи и истите се јавно достапни на официјалната веб страница на Општина Битола. Согласно законските регулативи важноста (трајност) на Б интегрирани еколошки дозволи е 7 (седум) години, но доколку има потреба дозволите можат да се ревидираат и ажурираат се со цел усогласување со новите техникички, еколошки и безбедносни барања.

На територија на Општина Битола во периодот од 2021-2025 година обновени се 4 (четири) Б интегрирани еколошки дозволи и истите се достапни на официјалната веб страна на Општина Битола. Согласно Законот за Заштита на животна средина, на територија на Општина Битола во периодот од 2021-2025 година изменета е само 1 (една) Б интегрирана еколошка дозвола. Во последните 10 (десет) години односно во периодот од 2015-2025 година наплатени се 24.226,00 денари по основ издавање на Б интегрирана еколошка дозвола. Исто така правните субјекти кои поседуваат Б интегрирана еколошка дозвола се задолжени во вкупен износ од 517.370,оо денари согласно закон. Горенаведените средства се резултат на пресметките извршени од страна на одделението за урбанистичко планирање и заштита на животна средина согласно годишните мерења на медиумите од акредитирани фирми, доставени до Општина Битола.Согласно член 123 од Законот за заштита на животна средина Органи надлежни за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола:

(1) Орган надлежен за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола е градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје. Во случај кога инсталацијата се наоѓа во заштитено подрачје утврдено согласно со закон, орган надлежен за издавање на Б - интегрирана еколошка дозвола е органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(2) За издавање на Б - интегрирана еколошка дозвола, општината и градот Скопје, треба да имаат определено најмалку едно лице во локалната администрација, кое има висока стручна подготовка од областа природните и на техничките науки.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 327 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

(3) Општината и градот Скопје, за исполнување на условите од ставот (2) на овој член, го известуваат органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(4) Општините можат да формираат заедничка администрација за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи.
Постапката за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола е утврдена во челн 123 од Законот за заштита на животна средина којшто вели:
(1) За издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола операторот поднесува барање до надлежните органи на општината, на градот Скопје или до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува формата и содржината на барањето, како и начинот на кој се поднесува барањето од ставот (1).

Доколку надлежниот општински орган утврди дека барањето е целосно и дека влијанието на инсталацијата врз животната средина е во рамките на пропишаните гранични вредности, тој е должен да донесе решение за издавање на Б интегрираната еколошка дозвола во рок од 60 дена од приемот на барањето.
Согласно член 21, точка 3.2 од Правилникот за внатрешна организација на Општина Битола, Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина е надлежно за водење на управна постапка за:

- одобрување на елаборати за заштита на животната средина
- донесување решенија за издавање на Б-интегрирани еколошки дозволи

Во согласност со Програмата за животна средина за 2022 година и Програмата за животна средина за 2023 година кои се усвоени од страна на Советот на Општина Битола беше спроведена јавна набавка за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП). Првичниот предлог ЛЕАП беше доставен до Општина Битола и до Советот на Општина Битола. Градоначалникот на Општина Битола детално го презентираше пред советниците на Советот на Општина Битола и конечната верзија на ЛЕАП беше завршена во 2024 година и е јавно достапна на веб страницата на Општина Битола, во делот „Животна средина". Документот ќе биде испратен до Советот на Општина Битола како предлог точка на дневен ред, со цел негово рагзледување и усвојување на првата наредна седница на Советот на Општина Битола.

Во однос на спроведувањето на мерки за заштита и унапредување на животната средина, Ве информираме дека Општина Битола, преку Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животна средина подготвува Годишна програма за животна средина, која редовно се усвојува од страна на Советот. Во рамките на Програмата се вклучени различни мерки, од кои:

- одреден дел немаат финансиски импликации и се реализираат преку тековните административни и логички ресурси;
- додека други мерки се со обезбеден буџет од страна на Општина Битола

Секоја мерка предвидена со Програмата е насочена кон подобрување на квалитетот на амбиенталната средина во насока на исполнување на стратешките цели за одржлив развој на општината.

Во врска со цевководот во КО Горно Оризари за техничка вода, трасата е утврдена во одобрената планско проектна документација, врз основа на која е издадено

одобрението за градење Уп бр.30-2058/2024 од 25.12.2024 година на инвеститорот Општина Битола. Во основниот проект кога се добивала градежната дозвола, цевководот е за технолошка вода и е вцртан во урбанистички проект УП 40/2022 од ЈППУППИ со Одобрение УП 1 бр.30-668/2023 од 27.12.2023 година.Цевководот е прописно поставен и проектот е ревидиран со Извештај за ревизија со технички број 55/2025 изработен од Дооел Проинг Битола. ЈП Стрежево има лиценца бр.11-УП 1 бр.119 од 09.10.2014 година. Надзор над изведбата е ЗИМ АД Скопје. Надзорот е избран на тендер, а завршен извештај не е изготвен бидејќи работата сеуште е во фаза на реализација/изведба.

Во врска со средствата за оштетените правни и физички лица од елементарната непогода во 2022 година, веднаш по настанатата елементарна непогода Општина Битола постапи согласно Закон за заштита и спасување формирајќи соодветни комисии и согласно доставените барања од страна на сите физички и правни лица кај кои настанала штета изготвен е елаборат за процена на штети од земјотрес настанати на подрачјето на Општина Битола, на ден 09.01.2022 година.

Советот на Општина Битола на одржаната седница на ден 10.01.2022 година донесе заклучок со кој се бара од Владата на РСМ свикување на итна седница за разгледување на состојбата и обезбедување средства за санација на штетите предизвикани од земјотресот во Општина Битола.

Советот на Општина Битола на одржаната седница на ден 27.12.2022 година, донесе одлука за усвојување на елаборатот за процена на штети од земјотрес настанати на подрачјето на Општина Битола на ден 09.01.2022 година и истиот беше испратен до Владата на РСМ.

Согласно изготвениот и усвоен елаборат за процена на штети од земјотресот проценета е штета за вкупно 2.435 правни и физички лица во вкупна вредност од 35.690.926,00 денари.

Владата на РСМ на 23тата седница одржана на ден 01.10.2024 година донесе одлука да обезбеди парична помош од буџетот на РСМ за непогода земјотрес во Општина Битола во вкупен износ од 1.784.546,00 денари. Средствата се префрлени на наменска сметка на Општина Битола на ден 24.12.2024 година.

Доцнењето со исплатата на средствата добиени од Владата на РСМ е поради погрешно доставени податоци на дел од оштетените физички и правни лица, а бидејќи исплатата се прави на еден налог за сите 2.435 правни и физички лица, истиот неможе да се реализира доколку во истиот се наведени погрешни податоци.

По основ наплата од надоместок за добивање на лиценца за угостителска дејност во ноќен клуб или кабаре за периодот од 2020-2025 година се наплатени вкупно 3.307.015,00 денари и тоа:

- ДПТУ КС Фелиција ДООЕЛ Битола 1.537.500,00 денари
- ТДУ Марио ДООЕЛ Битола 615.389,00 денари
- ДУТП Ѕиуленд ДООЕЛ 692.876,00 денари
- Талевски Илија Мирко и другу ТИФ ДОО Битола 461.250,00

По основ наплата од надоместок за добивање на лиценца за угостителска дејност во ноќен клуб или кабаре за периодот од 2017-2020 година се наплатени вкупно 615.000,00 денари и тоа:

- ТДУ Марио ДООЕЛ Битола 153.750,00 денари

- ДУТП Ѕиуленд ДООЕЛ 461.250,00 денари
- Талевски Илија Мирко и други ТИФ ДОО Битола 153.750,00

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА БИТОЛА**
**Тони Коњановски**

ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

Бр.11-89/4
28.05.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на **08.05.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето н[redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-89/2025** од **08.05.2025 година.**Прашање бр.1 Колку Б интегрирани дозволи има на територијата на Општина Битола? (другите прашања од барањето во прилог на Решението)

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-89/2025 на ден 08.05.2025 година. Во барањето наведе дека бара информација Колку Б интегрирани дозволи има на територијата на Општина Битола? (другите прашања од барањето во прилог на Решението).

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-89/1 од 08.05.2025
2.Допис до Градоначалник со бр.11-89/2 од 13.05.2025
3.Одговор од Градоначалник со бр.11-89/3 од 28.05.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 28.05.2025 година, под бр. 11-89/4.

**Службени лица за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА